ИЗВРШИТЕЛ
Снежана Андреевска
именуван за подрачјето
на Основниот суд
Скопје 1 и Скопје 2
Бул. Кузман Јосифовски Питу бр. 28/5-11
тел.02 2463 026

И.бр.1142/18

Извршителот Снежана Андреевска од Скопје врз основа на барањето за спроведување на извршување од заложниот доверител Комерцијална Банка АД Скопје од Скопје, со ЕМБС 4065573, ЕДБ 4030688254937 и седиште на ул.Орце Николов бр.3, засновано на извршната исправа Нотарски акт – Договор за регистриран залог врз подвижни предмети ОДУ Број 897/14 од 06.11.2014 година на Нотар Сашо Клисароски од Скопје и Нотарски акт – АНЕКС – Договор за залог врз подвижен имот – со својство на извршна исправа ОДУ Број 34/15 од 20.01.2015 година на Нотар Сашо Клисароски од Скопје и Решение II СТ бр.892/17, II СТ бр.928/17 од 10.11.2017 год. на Основен суд Скопје 2 Скопје (со кое се утврдува различно право), против должникот/заложниот должник Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје – во стечај од Скопје со ЕМБС 5807913, ЕДБ 4030005402231 и седиште на ул.Васил Горгов бр.16, и заложниот должник Трговско друштво за новинско, издавачка дејност и графичко производство ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДОО Скопје – во стечај, со ЕМБС 5313945, ЕДБ 4030999369031 и седиште на ул. Скупи б.б. за спроведување на извршување во вредност 111.399.160,00 денари на име главен долг, со камати, трошоци на постапката и извршни трошоци, на ден 21.06.2019 година го донесува следниот:

З А К Л У Ч О К
ЗА ВТОРА ПРОДАЖБА НА ПОДВИЖНИ ПРЕДМЕТИ СО УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ
(врз основа на членовите 108 и 109 од Законот за извршување)

СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВТОРА продажба со усно јавно наддавање на следните подвижни предмети:

1. Подвижни предмети - машини, опрема, информатички средства, мрежна опрема, канцелариска опрема, со вкупна почетна вредност од 89.160,95 ЕУР во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на продажбата, која вредност претставува почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Согласно член 109 став 4 од Законот за извршување, спецификацијата на предметите од точка 1, кои се предмет на јавна продажба е достапна во канцеларијата на извршителот.

Р. Бр.	Опис на транспортно средство	Производител/ Земја на производство	Тип/модел	Рег бр.	Сила на мотор KW	Год на произв.	Вредност ЕУР
1	N2 TOVARNO /BB FURGON	FIAT	DUCATO	SK-851-UV	88	2010	2.870,00
2	N1 TOVARNO /BB FURGON	FIAT	DUCATO	SK-853-UV	88	2010	2.975,00
3	N1 TOVARNO /BB FURGON	FIAT	223 DOBLO CARGO	SK-854-UV	55	2010	1.610,00
4	TOVARNO - FURGON	CITROEN	JUMPER	SK-8571-AC	88	2011	3.275,00

2. Товарни возила и тоа:
во денарска противвредност по среден курс на НБРМ на денот на продажбата, кои вредности претставуат почетна цена за второто усно јавно наддавање.

Предметите се оптоварени со следните товари: Заложно право во корист на заложниот доверител Комерцијална Банка АД Скопје.

Продажбата ќе се одржи на ден 10.07.2019 година во 12:00 часот во просториите на Извршител Снежана Андреевска од Скопје, на бул. Кузман Јосифовски Питу бр.28/5-11.

Продажбата на предметите ќе се објави во дневниот весник Нова Македонија.

Учесниците на продажбата се должни да уплатат гаранција во износ од 1/10 од почетната цена за усното јавно наддавање на трансакциска сметка на Извршител Снежана Андреевска од Скопје со број 210055586400209 при НЛБ Банка АД Скопје, која гаранција се уплаќа најдоцна ЕДЕН ДЕН пред продажбата (до 09.07.2019 година).

Купувачот е должен да ја полноси вкупната цена на предметите, веднаш по заклучувањето на наддавањето, а најдоцна во рок од три дена согласно член 112 став (1) од Законот за извршување.

Напомена: предност на купување на предметите кои се на продажба под точка 1, заради нивната намена, ќе имаат лицата кои ќе ги купат предметите во пакет.

Предметите што се ставени на продажба може да се разгледаат, со претходна согласност од извршителот.

Овој заклучок се доставува до странките, а на учесниците на надавањето по нивно барање.

И З В Р Ш И Т Е Л
Снежана Андреевска

Врз основа на членовите 5, 14 , 20-г и 21 став (3) од Законот за вработените во Јавниот сектор (Сл.весник бр. 27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), членовите 22, 23 и 24 од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 167/15 и 27/16), член 37-л од Законот за Јавните претпријатија (Сл.весник број 38/96, 41/2014 и 39/2016) и одлуката бр. 04-298/1 од 20.06.2019 година, В.Д директорот на ЈПКД"Комуна" Ново Село објавува:

ЈАВЕН ОГЛАС
за засновање на работен однос на определено време

ЈПКД"Комуна" Ново Село објавува јавен оглас за вработување на шест (6) лица преку засновање работен однос на определено и полно работно време за период од шест (6) месеци за следните работни места:

1. КДР 03 05 В02 001- **Општ Комунален работник**- 5 извршители
- Најмалку класификација I или основно образование
- Со или без работно искуство.
- Паричен износ на основна нето плата: 15.834,оо денари
- КДР 04 01 А03 005- **Хигиеничар**- 1 извршител.
- Најмалку класификација I или основно образование
- Со или без работно искуство.
- Паричен износ на основна нето плата: 15.834,оо денари.

Општи услови кои треба да ги исполнуваат кандидатите:
- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Доказите за исполнување на условите треба да бидат во оригинална форма или копија заверена кај нотар:
1. Доказ за државјанство на Република Македонија
2. Доказ за општа здравствена способност за работното место
3. Доказ дека со правосилна судска пресуда не им е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност

Распоред на работното време:
- Работни денови: понеделник – петок, од 07:00 до 15:00 часот.
- Работни часови неделно: 40

Пријавата со потребните документи се доставува до архивата на ЈПКД"Комуна" Ново Село на адреса Ул "Манушн Турновски" бр.22-Ново Село. Телефон за контакт 034-355-615.

Ненавремена, нецелосна и некомплетна пријава и документација нема да биде разгледана.

Рокот за доставување на потребната документација е 3 (три) работни дена од денот на објавување на огласот во дневниот печат.

ЈПКД"Комуна" Ново Село
ВД Директор
Румена Митрева

Врз основа на член 384 од Законот за трговски друштва (Службен Весник на РМ бр.28/04...61/16), а во врска со член 33 од Статутот, Одлуката на Надзорниот Одбор бр.02-31 од 19.06.2019 година и Одлуката на Управниот Одбор бр.02-33 од 19.06.2019 година, Управниот Одбор на АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС АД Велес, објавува

ЈАВЕН ПОВИК
за учество на годишна седница на Собрание на акционери

АД за производство на метални и електромашински производи ПРОЛУКС Велес свикува годишно Собрание на акционери, кое ќе се одржи на ден 29.07.2019 година (понеделник) со почеток во 12.00 часот во просториите на друштвото на ул.„Васа Кошулчева" бр.бб, општина Велес.

Управниот одбор на АД предлага Собранието да работи по следниот дневен ред:

Процедурален дел
1. Пријавување и евиденција за присуство на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Избор на бројачи на гласови;

Работен дел
4. Годишен Извештај за работата на Друштвото за период јануари-декември 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишниот Извештај;
5. Годишна сметка на друштвото и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување и усвојување на Годишна сметка и Финансиски Извештаи на друштвото за 2018 година;
6. Извештај за извршена ревизија од овластен ревизор за 2018 година;
-Предлог Одлука за усвојување на Извештајот за извршена ревизија за 2018 година;
7. Извештај за работата на членовите на Управниот Одбор на Друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот Одбор на друштвото за 2018 година;
8. Извештај за работата на членовите на Надзорниот Одбор на Друштвото за 2018 година;
-Предлог Одлука за одобрување на работата на членовите на Надзорниот Одбор на друштвото за 2018 година;
9. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото за 2019 година.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговските друштва.

Секој акционер кој има намера да учествува на свиканото собрание на Друштвото е должен да го пријави своето учество на собранието најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание. Списокот на пријавените акционери ќе биде ставен на увид во седиштето на друштвото.

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физички и правно лице како свој полномошник на седница на собранието на Друштвото, кое што ќе учествува и ќе гласа на седницата на собранието во негово име.

Согласно Законот за трговски друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Секој заинтересиран акционер 8 (осум) дена пред одржувањето на собранието на акционери, може да вклучи точки во дневниот ред на собранието и да предлагаат одлуки, како и да постават прашања до друштвото за точките од дневниот ред на седницата на собранието.

Известувањето, барањата односно доставувањето материјал и друга информација од акционер до друштвото се смета дека е примено:
1) кога е пристигнато во седиштето на друштвото на ул.„Васа Кошулчева" бр.бб во Велес;
2) кога лично е примено од овластено лице на друштвото, односно од член на органот на управување;
3) кога е примено по електронски пат на следната е-мејл адреса: proluksprilep@gmail.com и
4) со денот наведен во потврдата за предавање препорачана пратка или за испраќање телеграма вклучувајќи ги и случаите на испратена, а не примена и подигната препорачана пратка, односно телеграма.

Материјалите за собранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, во стручната служба во просториите на друштвото и се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото која е www.proluks.mk.

Претседател на УПРАВЕН ОДБОР:
ДЕЈАНА САМАРЏИОСКА